**ИЗВЕШТАЈ**
**од Консултативна средба за Предлог-Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020**
**Скопје, 16.4.2018 година**

На 16.4.2018 година, во Клубот на органите на управата во Скопје, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија – Одделение за соработка со невладини организации, организираше консултативна средба за Предлог-Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020, со цел граѓанските организации со свои предлози и идеи да придонесат кон донесувањето на новата Стратегија, како една од клучните мерки што се однесуваат на граѓанското општество од Планот 3-6-9 на Владата на Република Македонија.

Консултативната средба беше организирана преку објавување на покана на веб странаиата на Одделението www.nvosorabotka.gov.mk и дистрибуирање на покана по електронски пат до сите здруженија од мејлинг листата на Одделението за соработка со невладини организации, здруженијата кои беа дел од работните групи за изработка на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор на 14.3.2018 и 15.3.2018 година, како и членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор. Дополнително, поканата беше дистрибуирана и преку Националниот ресурсен центар за граѓански организации. На средбата учествуваа 55 претставници на здруженија и фондации, од Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија - Одделение за соработка со невладини организации, како и претставници од Канцеларијата за соработка со НВОи на Република Хрватска кои го спроведуваат твининг проектот „Понатамошно институционализирање на структурирани механизми за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор“.

Воведно обраќање и презентација на приоритетите и целите на Предлог-Стратегијата имаше Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Раководител на Сектор за анализа на политиките и координација од Генералниот секретаријат на Владата на РМ која потенцираше дека ставовите на институциите и организациите се особено значајни за градењето на партнерски односи помеѓу Владата и граѓанскиот сектор и ги охрабри присутните активно да се вклучат во дискусија со свои предлози и идеи. До присутните се обрати и Марина Лочерт-Шоштариќ - претставник од Канцеларијата за соработка со НВО на Република Хрватска, која го сподели нивното искуство за изработка на стратешки документи, ги запозна учесниците на средбата со целта и очекуваните резултати од проектот и накратко ги претстави предложените активности со индикатори во Предлог-Акцискиот план 2018-2020.

Во дискусијата за Предлог-Стратегијата на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020, учествуваа повеќето од присутните претставници на граѓанските организации.

Тања Хафнер Адеми - независен експерт со долгогодишно искуство во граѓанскиот сектор изрази уверување дека рокот за реализирање на Стратегијата е доста амбициозен, па поради тоа предложи да се направи временско приоритизирање на Акцискиот план, со таргетирање на мерките кои се поврзани со финансиската оддржливост на граѓанскиот сектор, а пред се измена на Законот за сметководството на непрофитни организации, Законот за игрите на среќа и за забавните игри, Законот за волонтерство, Законот за донации и спонзорства од јавни дејности и други. Исто така, истакна дека би можело да се размисли за вклучување на нови мерки во Стратегијата, како на пример нефинансиска поддршка на локално ниво, антикорупциски мерки итн. со оглед на тоа што мерките треба да обезбедат активно, независно и автономно граѓанско општество.

Во дискусијата се вклучи и Гоце Илиевски од Граѓанската асоцијација за рекреативно движење-ГАРД кој истакна дека лицата кои што се одговорни за имплементација на Стратегијата неопходно е да бидат соодветно обучени за успешно да се реализираат поставените цели.

Понатаму, Христина Спасевска од Инженерската институција на Македонија дискутираше околу функционалноста на Комисијата на организации со статус од јавен интерес, потенцирајќи дека здруженијата и фондациите кои имаат ваков статус, треба да имаат реални даночни ослободувања и предност при аплицирање за финансиска поддршка.

Павлинка Голејшки – претставник од Централниот Регистар на Република Македонија истакна дека е потребно да се прецизираат податоците за регистрираните здруженија и фондации кои треба да бидат достапни за јавноста со цел навремено да може да се планираат евентуалните фискални импликации за Централиот регистар.

Во понатамошната дискусија, Илија Глигоров од Македонското здружение за медицински уредници и Зоран Богдановски од СОС Детско село Македонија се согласија околу идејата во иднина да се разгледа можноста за внесување на податоци за граѓански организации во податоците што ги обработува Државниот завод за статистика со цел да се добие подобра претстава за улогата и влијанието на граѓанските организации.

Драгица Милошевска од Женска акција Скопје потенцираше дека за ефикасно реализирање на Стратегијата потребно е да има усогласена законска регулатива, а пред се соодветни измени на Законот за здруженија и фондации, додека пак Александар Николов од Асоцијацијата за развојни иницијативи – Зенит додаде дека треба да се најде инструмент со кој ќе се допре до локалната самоуправа со цел и тие да воспостават механизми за соработка со граѓанските организации, како и да се преземат вистински чекори за поголемо учество на граѓанските организации во процесот на креирање политики, а не само примена на одредбите од Кодексот на

добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политиките.

На крајот од дискусијата, Адријана Лавчиска од Фондацијата Отворено општество Македонија го поддржа предлогот на Асоцијацијата за развојни иницијативи – Зенит, надоврзувајќи се дека е потребно да се допрецизираат мерка 2 и мерка 6 од првата приоритетна област.

Претставникот на Генералниот секретаријат им се заблагодари на присутните претставници на граѓанските организации за активното учество и конструктивните предлози, ги повика да достават свои писмени предлози на е-маил адресата на Одделението за соработка со невладини организации до 30.4.2018 година и изрази уверување дека во мај 2018 година  ќе биде усвоена Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор со Акциски план 2018-2020, како една од заложбите на Владата на Република Македонија согласно Планот 3-6-9.